Агенција за заштита на правото на слободен пристап до информациите од јавен карактер - Скопје
Agjencia e mbrojtjes të së drejtës për qasje të lirë në informacionet me karakter publik - Shkup
Примено / Pranuar: 23.04.2026
08 787

УЖ-1.бр.91/2024

ВО ИМЕТО НА ГРАЃАНИТЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

ВИШИОТ УПРАВЕН СУД, во совет составен од судиите: м-р Виолета Илиевска - претседател на советот, Светлана Костова и м-р Емрије Зубери Амити - членови на советот, со записничар Мартин Толев –помлад судски соработник одлучувајќи по жалбата на тужителот К.К. од Гевгелија, против Пресудата на Управниот суд У-5.бр.178/2022 од 28.09.2023 година, за пристап до информации од јавен карактер, на седницата на советот одржана на ден 14.01.2026 година, донесе:

П Р Е С У Д А

Жалбата на тужителот К.К. од Гевгелија СЕ ОДБИВА КАКО НЕОСНОВАНА.

Пресудата на Управниот суд У-5.бр.178/2022 од 28.09.2023 година СЕ ПОТВРДУВА.

О б р а з л о ж е н и е

Управниот суд со Пресуда У-5.бр.178/2022 од 28.09.2023 година, тужбата на тужителот К.К. од Гевгелија, поднесена против Решението на Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информациите од јавен карактер бр.08-787 од 27.12.2021 година, ја одбил како неоснована.

Против пресудата на Управниот суд, жалба изјави тужителот поради суштествени повреди на одредбите на постапката, неправилно и нецелосно утврдена фактичка состојба и погрешна примена на материјалното право и на Вишиот управен суд му предлага да ја уважи жалбата на тужителот, да ја укине пресудата на Управниот суд и да го врати предметот на повторно одлучување пред првостепениот суд или мериторно да одлучи и да му овозможи на тужителот пристап кон бараните информации.

Тужениот орган во одговор на жалба наведе дека пресудата на Управниот суд е законита и на Вишиот управен суд му предлага да ја одбие како неоснована жалбата на тужителот и да ја потврди пресудата на Управниот суд.

Вишиот управен суд по проучување на списите на предметот, ценејќи ги наводите во жалбата и одговорот на жалба, испитувајќи ја побиваната пресуда во смисла на член 79 став 1 од Законот за управните спорови, најде:

Жалбата на тужителот е неоснована.

Од увид во списите на предметот може да се утврди дека тужителот К.К. од Гевгелија до Јавното радиодифузно претпријатие Македонска Радио Телевизија - Скопје на ден 09.03.2018 година, врз основа на член 4 и член 12 од Законот за слободен пристап до информации од јавен

карактер („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.101/2019), поднел Барање за информација од јавен карактер со кое побарал по пошта или на друг начин лично да му биде доставена информација која се однесува на: Аудиозаписи и видеозаписи на и за сите композиции, како и извештаи со финансиска документација за реализација на договорите, доставени до јавното радиодифузно претпријатие МРТ - Скопје од страна на корисниците на средствата, во согласност со член 21 став 5 од Законот за поддршка на домашната музичка продукција, на сите досега реализирани конкурси.

Јавното радиодифузно претпријатие МРТ - Скопје, постапувајќи по предметното барање во повторна постапка, согласно напатствијата на Вишиот управен суд дадени во Пресудата УЖ-1.бр.240/2021 од 30.09.2021 година и укажувањата на Агенцијата за заштита на правото за слободен пристап до информации од јавен карактер, донел Решение бр.03-5561/2 од 22.11.2021 година со кое го одбил барањето за пристап до бараната информација како неосновано, од причина што по повторно спроведениот тест на штетност било утврдено дека делот на бараните информации, што се однесуваат за пристап до информацијата: Аудиозаписи и видеозаписи на и за сите композиции од сите досега реализирани конкурси согласно Законот за подршка на домашната музичка продукција, потпаѓа под исклучоците од слободен пристап до информации наведени во член 6 став 1 точка 5 од Законот за пристап до информации од јавен карактер, како информација која ги загрозува правата од интелектуална сопственост содржана во авторските дела, со оглед на тоа дека наведените аудиозаписи и видеозаписи на сите композиции се интелектуална сопственост на авторите односно апликантите. Воедно согласно член 55 и член 56 од Законот за авторското право и сродните права, а кои се однесуваат на рокот на заштита на авторските дела и причините за нејзината недостапност, не биле престанати. Во конкретниот случај се наведува дека јавниот интерес за објавување односно предавање на бараните аудио и аудиовизуелни записи, не преовладува во однос на интересот на заштита од објавување на истата. Последиците врз интересот кој се заштитува биле поголеми од јавниот интерес утврден со закон.

Незадоволен од вака донесеното Решение бр.03-5561/2 од 22.11.2021 година на имателот на информации, останал тужителот кој поднел жалба против истото до Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информациите од јавен карактер, која со сега оспореното Решение бр.08-787 од 27.12.2021 година ја одбила жалбата како неоснована, со образложение дека имателот на информации постапил согласно одредбите од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер, со тоа што донел правилно и врз закон засновано решение. Во образложението на решението тужениот орган навел дека дополнително, при повторно разгледување на списите, од страна на тужениот орган било констатирано дека иако тужителот своето барање го насловил како Барање за слободен пристап до информации од јавен карактер, истиот всушност поднел барање од надлежност на ЈРП Македонска Радио Телевизија Скопје, кое го темели на член 21 став 5 од Законот за поддршка на домашната музичка продукција, кое се однесува на склучување на договори меѓу ЈРП Македонска Радио Телевизија Скопје со изведувач, односно со автор на композиција кој се појавува како корисник на сресва што истата истовремено ја прави и недопуштена, поради што од страна на тужениот орган му е укажано на тужителот дека своите права и приватни (лични) интереси може и треба да ги

остварува пред се согласно материјалните закони кои ја регулираат соодветната материја во предметите во кои тој се јавува како странка и правната заштита може да ја бара согласно тие закони.

Незадоволен од решението на второстепениот орган тужителот повел управен спор пред Управниот суд.

Постапувајќи по тужбата на тужителот Управниот суд одржал јавна расправа на ден 21.09.2023 година и со Пресуда У-5.бр.178/2022 од 28.09.2023 година тужбата на тужителот К.К. од Гевгелија, поднесена против Решението на Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информациите од јавен карактер, бр.08-787 од 27.12.2021 година, ја одбил како неоснована. Во образложението на решението Управниот суд навел дека оспореното решение на тужениот орган е законито и дека со истото не е повреден законот на штета на тужителот.

Вишиот управен суд најде дека пресудата на Управниот суд е правилна и законита.

Согласно член 3 став 1 точка 2 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на Република Македонија" бр.101/2019), информација од јавен карактер е информација која во било која форма ја создал или со која располага имателот на информацијата согласно со неговите надлежности.

Според член 6 став 1 точка 5 од истиот закон, имателите на информации можат да одбијат барање за пристап до: информација која ги загрозува правата од индустриска или интелектуална сопственост (патент, модел, мостра, стоковен и услужен жиг, ознака на потеклото на производот).

Согласно член 20 став 1 од истиот закон, ако имателот на информации позитивно одговори на барањето или ако барањето делумно или целосно го одбие, за тоа ќе донесе решение. Согласно став 3 од истиот член, ако имателот на информацијата во рокот утврден во членот 21 од овој закон не му овозможи на барателот пристап до информацијата и ако не донесе и не му достави на барателот решение се смета дека барањето е одбиено по што барателот може да поднесе жалба до Агенцијата во рок од 15 дена.

Според член 25 од истиот закон, имателот на информација со решение може во целост или делумно да го одбие барањето, ако утврди дека бараната информација е информација од членот 6 став (1) од овој закон, имајќи го предвид резултатот од спроведениот тест за штетност.

Согласно член 27 став 1 од истиот закон, против решението со кое имателот на информацијата го одбил или отфрлил барањето, барателот има право на жалба во рок од 15 дена од денот на приемот на решението до Агенцијата. Согласно став 2 од истиот член, Агенцијата решава по жалбата на барателот во рок од 15 дена од денот на приемот на жалбата. Согласно став 3 од истиот член, ако Агенцијата во рокот од ставот (2) на овој член не донесе решение по жалбата на барателот против првостепеното решение, а не го донесе ниту во рок од седум дена по повтореното барање, барателот може да

поведе управен спор. Согласно став 4 од истиот член, имателот на информацијата е должен да го спроведе решението на Агенцијата во рок од 15 дена од денот на неговиот прием и за истото да ја извести Агенцијата.

Имајќи ги во предвид цитираните законски одредби Вишиот управен суд најде дека Управниот суд со обжалената пресуда правилно ја одбил како неоснована тужбата на тужителот и правилно сметал дека оспореното решение на тужениот орган е законито и дека е донесено врз основа на правилно и целосно утврдена фактичка состојба и со правилна примена на одредбите од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер.

По мислење на Вишиот управен суд во конкретниот случај тужениот орган како второстепениот орган правилно со оспореното решение ја одбил како неоснована жалбата на тужителот изјавена против решението на имателот на информации и правилно сметал дека имателот на информации основано го одбил барањето на тужителот за пристап до информации од јавен карактер, во делот кој се однесува на “аудиозаписи и видеозаписи на и за сите композиции од сите досега реализирани конкурси согласно Законот за поддршка на домашната музичка продукција”.

Ако се има во предвид дека во случајот барателот односно тужителот барал од имателот на информации да му биде доставена информација која се однесува на “аудиозаписи и видеозаписи на и за сите композиции од сите досега реализирани конкурси согласно Законот за поддршка на домашната музичка продукција“ правилно е наоѓањето на Управниот суд дека органите во постапката правилно го одбиле барањето на тужителот за пристап кон наведените информации, бидејќи и по повторно спроведениот тест на штетност било утврдено дека станува збор за информација која ги загрозува правата од интелектуална сопственост на апликантите, па доставувањето на овој вид на информација би било спротивно на член 6 став 1 точка 5 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер, со оглед на тоа дека наведените аудиозаписи и видеозаписи на сите композиции се интелектуална сопственост на авторите односно апликантите, а согласно член 55 и член 56 од Законот за авторското право и сродните права, кои се однесуваат на рокот на заштита на авторските дела и причините за нејзината недостапност, не биле престанати роковите за нивна заштита, поради што правилно било утврдено дека штетните последици кои би настанале врз интересот кој се заштитува се поголеми од јавниот интерес кој би се постигнал со објавувањето на бараната информација.

Вишиот управен суд при одлучувањето ги имаше во предвид жалбените наводи на тужителот дека во повторната постапка тужениот орган не постапил целосно по напатствијата на судот дадени во претходната постапка, дека не е утврдено дека се работи за информации од член 6 став 1 точка 5 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер, дека органот не образложил какви се резултатите од спроведениот тест за штетност, дека образложението на оспореното решение не било во согласност со член 88 од Законот за општата управна постапка, меѓутоа судот смета дека овие наводи на тужителот се неосновани и не можат да доведат до поинакво одлучување од

страна на овој суд од причини што тужениот орган во повторната постапка се осврнал и ги дал сите аргументи зошто во случајот смета дека се исполнети условите од член 6 став 1 точка 5 од Законот за пристап до информации од јавен каратер и зошто смета дека штетните последици кои би настанале врз интересот кој е предмет на заштита се поголеми од јавниот интерес за објавување на определена информација, со што органот дава образложение на спроведениот тест за штетност во конкретниот случај. Уште повеќе што тужениот орган во случајот сметал дека иако барањето на тужителот е насловено како барање за пристап до информации од јавен карактер всушност се работи за барање поднесено во смисла на член 21 став 5 од Законот за поддршка на домашната музичка продукција кое тужителот може да го оствари во други соодветни постапки.

Од овие причини Вишиот управен суд одлучи како во изреката на пресудата согласно член 80 став 1 од Законот за управните спорови.

Пресудено во Виш управен суд на ден 14.01.2026 година под УЖ-1.бр.91/2024.

Записничар - помлад судски соработник
Мартин Толев с.р.

Претседател на совет - Судија
Виолета Илиевска с.р.

/АН

Согласноста на преписот со изворникот ја потврдува

Судски службеник